**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1203 – 239/5**

**Скопје, 06.03. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации (930) на Град Скопје за 2007 година, кои се прикажани на страните од 3 и 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај, за финансиските извештаи на сметката за Наменски дотации (930) на Град Скопје за 2006 година во кој е изразено позитивно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Трифун Костовски, Градоначалник на Град Скопје во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена на 17.12.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. На сметката за Наменски дотации (930) на Град Скопје на ден 31 декември 2007 година има неискористени средства од корисниците на наменските дотации во износ од 2.282 илјади денари, што не е во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Причина е неусогласеноста на плановите на корисниците според одобрените средства и потребите. Овие средства се планирани во буџетот за наредната фискална година. Неусогласеноста на плановите и непочитувањето на законските прописи придонесува да на сметката за наменски дотации има салдо на 31 декември.
**Препорака:**
За целосно и навремено реализирање на програмските активности и финансиските планови на корисниците да се подобри комуникацијата помеѓу одговорните лица во Град Скопје и корисниците на наменски дотации. Финансиските планови да се усогласуваат според одобрените средства и потребите на корисниците.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (930) на Град Скопје на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за наменско и законско користење на средствата за наменски дотации по корисници ќе се изрази во извештаите на државните ревизори за финансиките извештаи на соодветните корисници на средствата за наменски дотации.

**Скопје,03.03.2009 година** **Овластен државен ревизор**

**Град Скопје  Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 190,854 | 187,261 |
| **Вкупно приходи** | | **190,854** | **187,261** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1 | 84,563 | 82,918 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 97,173 | 96,872 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 6,836 | 5,568 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **188,572** | **185,358** |
| **Вкупно расходи** | | **188,572** | **185,358** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **2,282** | **1,903** |

**Град Скопје  Сметка за наменски дотации 930**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 2,282 | 1,903 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,282** | **1,903** |
| **Вкупна актива** | | **2,282** | **1,903** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 2,282 | 1,903 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2,282** | **1,903** |
| **Вкупна пасива** | | **2,282** | **1,903** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*